# Информативен лист

## Семејно насилство: Што прави полицијата

VICTORIA POLICE

### Да се биде слободен од насилство е човеково право

Секој човек има право да биде слободен од насилство или од страв од насилство. Секој човек сака да се чувствува безбеден и почитуван во своето семејство и надвор од семејството. Семејното насилство се случува и се смета за неприфатливо во сите заедници и култури. Во Австралија, семејното насилство е забрането со закон. Полицијата на Викторија е тука за да им помогне на луѓето во нужда и да го спроведува законот.

### Што е тоа семејно насилство, што вели законот?

Victorian *Family Violence Protection Act 2008 (Викториски закон за заштита од семејно насилство од 2008 г.)* го дефинира семејното насилство како однесување на некој член на семејството кое предизвикува страв и контрола над сопружникот, поранешен партнер или други членови на семејството. Таквото однесување може да опфаќа:

- телесна повреда (на пример, удирање, туркање, горење или давење, грубо или неадекватно давање на нега);
- сексуално насилство (на пример, присилување на сексуален однос);
- финансиско злоупотребување (на пример, лишување од пари, храна, лекови, оштетување на имот или злоупотреба на имот што е донесен како мираз);
- психолошко злоупотребување и/или злоупотребување со зборови (како што се закани, постојани омаловажувања, нарекување со непристојни имиња, злоупотребување на основа на полот, расата, староста, онеспособеноста или половата определба);
- создавање на ситуации во кои дете може да слушне, види или да биде свесно за насилни чинови (на пример, така што ќе слуша кавги, ќе гледа повреди или направена штета).

Семејното насилство има негативно влијание врз децата и тие можат да се зашитат со закон.

### Што е тоа семејство?

Законот го опфака поширокото семејство вклучувајќи:

- животните партнери (сопруг, сопруга, девојка, момче, вонбрачен маж/жена, партнери од ист пол) и
- поранешни партнери,
- деца, браќа, сестри, возрасни деца; или
- роднина или член на поширокото семејство како што е баба, дедо, свекор, свекрва, тетин, стрина, вујна, тетка, чичко, вујко, посвоен член на семејството или член од иста националност или иста вероисповед.
- негувател кој се смета како да е член на семејството.

Ако сметате дека некој е член на вашето семејство и ако неговите постапки ве плашат вас или други членови на семејството, побарајте совет и помош.

Ако го повредувате вашиот партнер или вашето семејство, побарајте помош. На последната страна на овој лист се наведени некои служби.

### Како може да помогне полицијата?

Полицијата на Викторија е овластена да ги заштити луѓето што се жртви од семејно насилство и за да спречи какви и да било натамошни насилни постапки или однесување од страна на лицето што ги повредило својот партнер и/или семејство.

Полицијата може да добие информација за семејно насилство од некој што е изложен на насилството, од загрижени пријатели или роднини, или од соседите или службите. Полицијата исто така може да го открие семејното насилство кога врши други свои должности или кога ќе добие повик на три нули 000.

Кога полицијата помага при немил настан од семејно насилство, тие ќе прашаат кој живее или престојува во домот. Ќе проверат дали сите се безбедни. Полицијата ќе разговара со секое лице посебно. Може да зборуваат и со децата. Ќе прашаат што се случува сега и што се случувало во минатото.

Тие ќе проверат дали поради насилството на некој му треба лекарска помош и ќе ги запишат сите штети. Полицијата ќе направи упат за секој поединец.

Полицијата исто така може да праша дали некое лице се има здобиено со телесна повреда или каква и да било медицинска или друга потреба што сака да ја каже а што е важна за безбедноста или за дејствувањето на полицијата.

Полицајците се должни да прашаат дали некој, вклучувајќи ги и децата, се изјаснува како Абориџин. Луѓето од абориџинско потекло може да кажат дали сакаат услуги од редовните служби или од службите за Абориџини.

Полицијата ќе ја процени опасноста, вклучувајќи ги и семејното насилство во минатото и сите регистрирани кривични дела. Тие ќе утврдат кој е најповреден (жртвата или засегнатиот член на семејството) и кое е главното лице што ги повредува другите (главниот насилник или „другата страна“). Во зависност од околностите, има низа разновидни дејствија што може да ги преземе полицијата.

Interpreter

**Преведувачки услуги**
24 часа
**131 450**
https://www.tisnational.gov.au

NATIONAL RELAY SERVICE

**Служба за поврзување** (24 часа)
За луѓе што се глуви или имаат оштетен слух или говор
http://relayservice.gov.au/
Speak and listen **1300 555 727**

000 EMERGENCY

Во итен случај, телефонирајте на **Три Нули (000)**

**Безбедноста има највисоко првенство.** Ако е извршено кривично дело, полицијата ќе спроведе истрага и може да поднесе пријава. Меѓутоа, не се сите видови на семејно насилство кривични дела. Граѓански (односно, некривични) постапки што може да ги преземе полицијата се:

- да издаде **предупредување за безбедност од семејно насилство** (family violence safety notice) на самото место и/или
- да поднесе пријава до суд заради издавање на судска **наредба за заштита од семејно насилство** (family violence intervention order), или
- да измени некоја постојна судска **наредба за заштита** за да ја зголеми заштитата.

## Што е тоа судска наредба за заштита од семејно насилство?

Судската **наредба за заштита од семејно насилство** е законска наредба што ја издава суд и чија цел е да ги заштити луѓето од натамошно семејно насилство.

**Предупредувањето за безбедност од семејно насилство** е нешто слично на краткорочна **наредба за заштита** што ја издава полицијата и чија цел е да ги заштити луѓето до судското сослушување.

И во двете се користат некои технички изрази. Лицето што се заштитува, вклучувајќи ги и сите деца, се нарекува **„заштитено лице"**. Лицето што применувало насилство се нарекува **„обвинет"** или **„другата страна"**.

Предупредувањето или судската **наредба за заштита** исто така може да содржат и **забрана за приближување** (exclusion condition) со која се создава сигурен простор околу лицето на кое му треба заштита и околу децата. Со неа му се забранува на лицето што вршело семејно насилство да се приближува до нив или до местата каде што се движат тие. Тоа може да значи дека лицето што вршело семејно насилство ќе треба да живее на некое друго место.

Оваа **забрана за приближување** трае додека на обвинетиот да му биде врачена судска одлука или нова судска **наредба за заштита од семејно насилство**.

На денот на судењето, судијата решава кои мерки се неопходни за да се обезбеди тековна заштита. Судијата ќе одлучи дали **забраната за приближување** треба да биде продолжена.

**Предупредувањето за безбедност** или судската **наредба за заштита** сами по себе не влегуваат во кривичното досие.

## Што ако не се почитуваат пропишаните услови?

**Обвинетиот** е лицето што мора да ги почитува предупредувањето или наредбата. Ако **обвинетиот** во целост ја почитува наредбата и ако нема извршено други кривични дела, нема да добие кривично досие.

**Обвинетиот** не смее да изврши никаков вид на семејно насилство.

Тоа значи:

- без телесно или сексуално насилство,
- без закани дека ќе повреди некого,
- без усно или писмено злоупотребување,
- без праќање навредливи или заканувачки слики,
- без следење,
- без финансиско злоупотребување,
- без оштетување на имот.

**Забраната за приближување** значи дека **обвинетиот**:

- не смее да се приближува до заштитените луѓе, ниту до местата каде што тие живеат и работат, или до училиштето или претшколската установа каде што одат децата.
- не смее да наведува други луѓе да ги повредат, да им се закануваат, да ги вознемируваат, следат или злоупотребуваат на каков и да било начин заштитените луѓе.

Исто така може да има услови со кои се ограничува комуникацијата по телефон, со пишани пораки, електронска пошта или преку социјалните мрежи.

Непочитувањето на било кој услов се вика **прекршување** на наредбата или **спротивно дејствување** во однос на **предупредувањето** или **наредбата за заштита**

Ако **обвинетиот** не почитува кој и да било услов од наредбата, а полицијата го открие тоа, полицијата може да го уапси **обвинетиот** и од тоа може да произлезат кривични обвиненија, кривично досие и кривични казни, на пример, парична или затворска казна.

**Заштитеното лице** не може да му даде на **обвинетиот** дозвола да не го почитува предупредувањето или судската наредба. Полицијата е таа што одлучува дали треба да се поднесе кривична пријава, а не **заштитеното лице**.

Ако не ја разбирате судската наредба или кој и да било нејзин дел, прашајте ја полицијата или некоја правна служба.

Ве молиме кажете и на полицијата какви потреби имате за комуникација. Ако ви е тешко да зборувате или да разберете англиски, полицијата може да побара преведувач. Ако ви треба преведувач од вашиот пол или преведувач што го зборува вашиот дијалект, кажете и на полицијата.

## Во итен случај, телефонирајте на Три Нули (000)

## Зошто мора да дојдете на суд?

За вашето **предупредување за безбедност од семејно насилство** или судската **наредба за заштита од семејно насилство** ќе биде закажано судско сослушување. Би требало да одите на тоа сослушување. Најдобро е да планирате дека во судот ќе останете цел ден.

Пред судското сослушување, не е лошо да се јавите во службите за поддршка за да поразговарате поопширно за вашата ситуација и потреби. На денот на судското сослушување може да закажете лично да присуствува преведувач, ако претходно на полицијата или на судот им кажете какви се вашите потреби за комуникација.

На денот на судското сослушување, **обвинетиот** е должен да се држи настрана од **заштитените луѓе**. Често има посебни простори за седење за **обвинетите** и за **заштитените луѓе**. Во судот има службеници за обезбедување што им помагаат на луѓето да се чувствуваат безбедно.

Во судот има бесплатни правни служби и служби за поддршка што може да ви ги објаснат вашите права, можности и судската постапка.

Кога ќе пристигнете, кажете му на судскиот службеник на приемниот шалтер дека сте дошле и дали ви треба помош од адвокат или од други служби.

Прашајте дали судот има **Службеник за поврзување со полицијата и судот за случаи на семејно насилство** (Police Family Violence Court Liaison Officer), кој ги усогласува сите засегнати страни во случај кога Полицијата на Викторија поднела барање до судот за издавање на судска **наредба за заштита од семејно насилство**.

Чекајте да го повикаат вашето име за вашето сослушување. Во судницата седнете зад вашиот правен застапник. Судијата ќе ги ислуша и двајцата правни застапници, а може да ве праша директно и вас што се случува.

Судијата ќе одлучи дали е потребно да се издаде судска **наредба за заштита од семејно насилство** за да се обезбеди заштита и да се спречи натамошно насилно однесување. Судијата ќе разгледа кои услови, како што е условот за забрана за приближување, се потребни, и колкав временски период ќе важи судската **наредба за заштита**. Одлуката што ќе ја донесе судијата ќе го замени **предупредувањето за безбедност** или ќе ја измени постојната судска **наредба за заштита**, ако има таква.

По вашето судско сослушување, почекајте во судот за да ви дадат примерок од секоја новоизречена судска **наредба за заштита**. Поставете му ги на судскиот службеник сите прашања што ги имате во врска со тоа што значи новата судска **наредба за заштита** за вас и за вашето семејство.

## Дали имате уште прашања?

Ако имате какви и да било прашања во врска со вашата судска наредба, прашајте во вашата локална полициска станица или во некоја правна служба.
Полицијата ќе ве упати до служби за поддршка кои може да ви пратат пишана порака или да ви телефонираат, или пак вие сами може да се јавите во тие служби.

**Во итен случај, телефонирајте на Три Нули (000)**

## Повеќе информации, поддршка и помош

**Општински суд (Magistrates' Courts)** државен суд што се занимава со случаи поврзани со семејно насилство www.magistratescourt.vic.gov.au

**Правна помош на Викторија (Victoria Legal Aid) 1300 792 387** (пон.-пет., 8.45 ч. претпладне -5.15 ч. попладне) бесплатен правен совет на разни јазици www.legalaid.vic.gov.au

**Правна помош на Викторија за жени (Women's Legal Service Victoria) 8622 0600** (подрачје на главниот град) **1800 133 302** (за внатрешноста) вторник и четврток 5.30 – 7.30 ч. навечер www.womenslegal.org.au

**Линија за помош на криминал (Victims of Crime Helpline)** 8 ч. претпладне – 11 ч. навечер (7 дена неделно) **1800 819 817** www.victimsofcrime.vic.gov.au

**1800 Respect** (24 часа) телефонско советување за жртви на семејно насилство **1800 737 732** www.1800respect.org.au

**Линија за случаи на сексуален напад (Sexual Assault Crisis Line (SACL)) 1800 806 292** (24 часа) служби за поддрша на жртви на сексуален напад www.sacl.com.au

**Домување (Housing)** (24 часа) упатување до сместување во итен случај на територијата на целата држава **1800 825 955** www.housing.vic.gov.au/crisis-and-emergency-contacts

**Итни случаи на Армија на спас (Salvation Army Crisis Service)** (24 часа) сместување во итен случај во градското подрачје **1800 627 727** www.salvationarmy.org.au/en/Find-Us/Victoria/CrisisServices

**Safe Steps** Семеен центар за сместување во случај на семејно насилство (24 часа) **1800 015 188** служба за поддршка и упатување за жени www.safesteps.org.au

**Служба за упатување за мажи (Men's Referral Service)** (9 ч. претпладне – 9 ч. навечер од понеделник до петок) поддршка и упатување на мажи **1300 766 491** www.ntvmrs.org.au

**Линија за мажи во Австралија (MensLine Australia)** (24 часа) **1300 789 978** телефонска поддршка за мажи www.mensline.org.au

## Израз и Толкување

**Граѓанска постапка (за семејно насилство)**
Правна постапка за да се заштитат правата, мерка од некривичен вид (на пример, поднесување барање до судот за издавање на **наредба за заштита**).

**Семејно насилство**
Однесување на член на семејството со кое се повредува, заплашува или контролира сопружникот или поранешен партнер, децата или други членови на семејството.

Тоа вклучува телесни напади, сексуални напади и душевно, психолошко или финансиско злоупотребување.

**Обвинет или друга страна**
Лице што има добиено предупредување или судска наредба да престане да врши семејно насилство.

**Заштитено лице / жртва / засегнат член на семејството (affected family member - AFM)**
Лице што е заштитено од семејно насилство со судска **наредба за заштита** или со **предупредување за безбедност**.

Децата може да бидат заштитени лица.

Децата кои се под 18 години може да бидат вклучени во **предупредувањето за безбедност** на заштитениот родител или судската **наредба за заштита**.

**Предупредување за безбедност од семејно насилство (Family Violence Safety Notice - FVSN)**
Законско предупредување што го издава полицијата за да го забрани семејното насилство до судската постапка.

**Судска наредба за заштита од семејно насилство (Family Violence Intervention Order - FVIO)**
Наредба или решение издадено писмено со која судот забранува домашно насилство.

**Забрана за приближување**
Условот во **предупредувањето за безбедност** или судската **наредба за заштита** со кој на **обвинетиот** му е забрането да се приближува до **заштитеното лице**, или до местата што се наведени во наредбата (на пример, домот, работното место, училиштето или претшколската установа на **заштитеното лице**).

**Доставен правен документ**
Кога судската **наредба за заштита** или **предупредувањето за безбедност** му е на законски пропишан начин врачено на **обвинетиот**, се вели дека е „врачено“ и тој мора да се придржува кон него.

**Прекршување или непочитување**
Ако обвинетиот не се придржувал кон некој услов од **предупредувањето за безбедност** од семејно насилство или од судската **наредба за заштита**, тоа претставува „прекршување“ или „непочитување“.

Прекршувањето треба да се пријави во полиција веднаш кога е тоа можно, и може да доведе до кривична пријава.

**Апсење**
Затворање на лице за кое полицијата има оправдани причини да верува дека го прекршило законот.

**Кривична пријава**
Кога полициската истрага ќе собере доволно докази или информации дека некое лице го прекршило законот, се поднесува пријава за да може лицето да биде изведено пред суд.

## Улоги на полицајците

**Службеник за поврзување при семејно насилство (Family Violence Liaison Officer - FVLO)**
Полициски службеник што ги надгледува случаите со семејно насилство на подрачјето на полицијата и што работи во полициска станица отворена 24 часа.

**Службеник за поврзување со судот при семејно насилство (Family Violence, Court Liaison Officer - FVCLO)**
Полициски службеник во поголемите основни судови што ги поврзува сите страни кога од страна на полицијата е поднесено барање до судот за издавање на **наредба за заштита**.

**Известувач**
Полициски службеник што поднесува пријава.

**Иследник**
Полициски службеник што ги разгледува пријавите за семејно насилство.

**Началник (Officer in charge - OIC)**
Началник или надзорник на полициска станица.

Има полициски службеници за поврзување што се задолжени за поддржување на разноликоста во заедницата, прашајте во вашата локална полициска станица или погледнете на www.police.vic.gov.au

Ако сте загрижени како постапувала полицијата, побарајте да зборувате со надзорникот или началникот во вашата полициска станица, или погледнете под „пофалби и поплаки“ (compliments and complaints) на www.police.vic.gov.au

**Во итен случај, телефонирајте на Три Нули (000)**